**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

**Оперативната структура одговорна за управување со Инструмент за претпристапна помош на Европската Унија за рурален развој (ИПАРД) за програмски период 2007 – 2013, објавува:**

# ЈАВЕН ПОВИК

**за утврдување на заинтересирани за учество во дво-дневни обуки на тема: „КАКО ДО КВАЛИТЕТЕН ИПАРД ПРОЕКТ“**

**1. Целта на повикот** е да се утврдат заинтересираните учесници за учество во дво-дневни семинари на тема: **„КАКО ДО КВАЛИТЕТЕН ИПАРД ПРОЕКТ“** во организација на Телото за управување со ИПАРД во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Еден дво-дневен семинар тематски ќе ги опфати следниве области:

**Семинар Ден 1:**

1. Кои се можностите кои ги нуди Инструмент за претпристапна помош на Европската Унија за рурален развој (ИПАРД) во рамките на ИПАРД Програмата на Република Македонија за програмскиот период 2007-2013;
2. Услови за аплицирање по мерките од ИПАРД Програмата (поединечен осврт за Мерка 101, Мерка 103 и Мерка 302)

**Семинар Ден 2:**

1. Објаснување на процесот на поднесување на барање за користење на средства од ИПАРД Програмата и процесот на одлучување во ИПАРД Агенцијата;
2. Како да се изготви квалитетен апликационен пакет за ИПАРД (пополнување на образец барање, упатство за изработка на бизнис план, прибирање на потребна документација итн.)
3. Извори на информации за ИПАРД.

**Семинарите ќе се одржуват во работни денови од 8.30-16.30 часот.**

**2. Право да земат учество** имаат претставници од правни лица и физички лица-трговци поединци кои се занимаваат со консултантски, советодавни, сметководствени, административни или правни услуги.

**3. Потребни документи** за пријавување на учество на повикот:

- Писмо на интерес за учество во дво-дневни обуки на тема: **„КАКО ДО КВАЛИТЕТЕН ИПАРД ПРОЕКТ“** до Телото за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, поднесено од одговорното лице на правното лице или физичко лице трговец-поединец;
- Тековна состојба од Централен регистар (не постар од 6 месеци) – оригинал или копија заверена на нотар.

***Пријавите кои не ги содржат бараните податоци и документи ќе се сметаат за некомплетни и нема да се разгледуваат.***

**4. Детални информации** за пријавувањето можете да ги најдете на интернет страницата за ИПАРД www.ipard.gov.mk и на телефон 076/446-218.

**5. Рок за прибирање на пријавите** е **10.05.2010 година**.

**6. Останати информации:** Учество на семинарите е без надомест. Сите заинтересирани учесници со право на учество ќе бидат известени за временскиот распоред и местото за одржување на семинарите.